Милован Стефановски

SИД ПРЕД БЕСКРАЈОТ

За издавачот Енкеледа Стефановска
Главен уредник Анастасија Гончевска
Copyright © Милован Стефановски, 2018
Copyright © АД ВЕРБУМ, 2018

Како авторско дело текстот од книгата Sид пред бескрајот од Милован Стефановски е депониран во електронска форма во Агенцијата за интелектуална сопственост „Берин“ од Скопје и заведен под број 212 од 09.03.2018 година.

Милован Стефановски

SИД ПРЕД БЕСКРАЈОТ

второ издание

АД ВЕРБУМ



Животот е само една прошетка
а ние сите нешта околу нас
сакаме да ги видиме двапати
(„Мало тркало“)

Струшки вечери на поезијата
Struga poetry evenings
Стружские вечера поэзии
Soirees poetiques de Struga

МИЛОВАН СТЕФАНОВСКИ

Добитник на наградата
„БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ“
за стихозбирката
„SИД ПРЕД БЕСКРАЈОТ“
Струга, 27 · VIII · 1978 год.

Претседател,

Врачување на наградата „Браќа Миладиновци“ на СВП ’78

ПРЕДГОВОРИ 2018

Петко Дабески:

НЕКОИ СОГЛЕДБИ ЗА ПОЕТСКАТА КНИГА „SИД ПРЕД БЕСКРАЈОТ“

(*стихотворна структура на збирката*)

Поетската книга *Sид пред бескрајот* (изд. Книжевна младина на Македонија, Скопје, едиција *Алфа*, 1978), на Милован Стефановски, на прв поглед привлекува внимание со својата осмислена текстуална архитектоника, овоплотена во компактна и строга стихотворна форма. Компонирана е од три насловени циклуси од по десет песни, *сите* изведени според *ист версификациски модел*: секоја песна содржи 14 единаесетсложни стиха, распоредени во шест строфи со стихострофичен редослед 3-3-1-3-3-1. Применетата стихотворна матрица во сите песни од оваа поетска книга, во суштина, претставува само своевидна модификација на сонетната форма, т.е. сопствена (авторска) верзија на сонет без рима[1], па сосема основано оваа поетска збирка може да се разгледува и како книга на сонети.

Покрај наведените обликотворни специфики на книгата присутни се и графички порамнувачки интервенции[2] врз почетните и завршните букви на стиховите од првиот

1 Исклучок е песната „Македонија“ од вториот циклус во која се римувани само непарните стихови од тристишните строфи.

2 Се состојат од примена на: лева и десна порамнувачка вертикала на текстот во првиот циклус; десна наместо лева порамнувачка вертикала во вториот циклус; неправописна употреба на големи букви во првата и петтата песна од третиот циклус.

и вториот циклус и нестандардна примена на голема буква во третиот циклус; наведените графички отстапувања и самиот автор се чини дека не ги вреднувал во значајни фактори за побудување повишен иновациски впечаток, но нивното присуство, заедно со останатите применети новитети и невообичаености на формален план, секако се восприемаат како уште еден сигнал на авторовата намера за понагласен отклон од конвенционалното, за еден прилог повеќе во комплексот на нештата кои *оваа книга* ќе ја физиономираат како творечки проект изведен *по свое*, поинаку од инертните налози на стихотворната рутина во периодот на нејзиното објавување.

(*тематско-мотивско и значенско рамниште*)

Сите песни од книгата се изведени според ист стихотворен образец и со истороден поетски исказ, но не се преднамерно впрегнати во настојчива елаборација или во аспектни варијации на иста тема. Нивната поделба во три циклуси, сепак, е построена според степенот на конвергенција на нивната мотивска расеаност околу основниот смисловен стожер на поетскиот циклус. Имено, во песните од првиот циклус, во преден план, се нагласено присутни значенски јадровити искази со нагласени асоцијативни намеси поврзани со градителскиот профил на родното племе во некои историски контексти, во вториот циклус се исцртуваат елементи од физиката и етериката на родната македонска почва, а во третиот циклус се засегнати прашања поврзани со човековиот поглед нагоре и со вселенскиот просторен бескрај како идно човеково вдомувалиште.

(*за првиот циклус*)

Основните мотивски преокупации на песните од првиот циклус се мајсторскиот порив за градење како судбинско призвание на еден „многу чуден народ“[3], во чие име во прво лице множина се исповеда нараторот, а, во втор план, и за исконските човекови склоности кон преселби и пловидби.

Според степенот на условно сфатената тематска насоченост и според исказната перфекција на самата поетска порака во однос на манифестациите на вековниот градителски идентитет, носечката улога во циклусот им припаѓа на песните „Бескрајна градба“, „Мајстори“, „Стари фрески“, „Јужен ветар“ и „Сонлива вистина“. Песната „Бескрајна градба“ е вовед во лирските заговарања за парадоксалната градителска одисеја „што (ми) личи на тегобна прошетка низ времето“ на препознатливото племе на вечни мајстори, што „се раѓаат со алатите крај себе“ и ѕидаат без престан „ставајќи камен на камен до небо“ слепи вишни градби, па и градби без прозорци, до посакуваниот покрив којшто низ времињата секогаш останувал „пак бескрајно (е) далеку“. Стожерна песна на циклусот, во тематски поглед, сепак ќе да е мајсторски изведената песна „Мајстори“. Таа е уште побогата со пописот и подиректна во описот на судбинските налози и дарбените обележја на тој чуден народ од чудесни мајстори на кои „од век им уривале куќа, а тие повторно ја граделе“, народ којшто поседува „писмо со печат од

3 Во овој осврт под наводници ќе бидат ставени покрај насловите на песните од разгледуваната поетска книга и сите стихови и синтагми од неа преземени и користени за попрецизно толковно подвлекување и предочување на некои битни смисловни и значенски линии исцртани врз семантичкото рамниште од соодветниот поетски циклус.

Милован Стефановски
ЗИД ПРЕД БЕСКРАЈОТ
НАГРАДА
БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ

ПРЕДГОВОР 1978

Тодор Чаловски:

КАКО ПРЕБАРУВАЊЕ, КАКО ИСПРАВЕНОСТ ПРЕД БЕСКРАЈОТ

(*Милован Стефановски, Sug пред бескрајот*)

Во нашиот литературен контекст, творештвото на младите автори, пред сè поетското, сигурно структурира значајни кругови на творечките можности на нашиот јазик кои, како по правило, од прикрај чекаат шанса да бидат поцелосно презентирани и афирмирани. Разгранувајќи се и збогатувајќи се со нови вредности, нашата литература во досегашниот повоен и за неа единствено слободен развој, шансата и предизвикот за постојани пробиви и постигнувања ги имаше и наоѓаше колку во творечките напори на авторите со веќе профилирана творечка врвица, небаре истоветно, напати и повеќе, толку и во оние што доаѓаа кои со дамарот на својата младешка разбушавеност и заложба го иритираа нервот на нашето книжевно битие кон нови креативни посегања и исходишта.

Милован Стефановски, чија поетска збирка *Sug пред бескрајот* се наметна уште по првиот прочит меѓу дваесетината ракописи на годинешниот конкурс на „Алфа“, е претставник на оној млад поетски бран во нашата литература кој делумно се има прејавено низ периодиката. Неговиот прв ракопис го легитимира како поет на самосвојно тараш-

кан пат во сферата на мотивско-изразната преокупација. И не толку како нешто исклучително или сосема непознато кај нас, туку како настојување и определба да се биде поблиску до сопствената претстава за песната, до една самодисциплинирана, стегната но речовита говорна фактура, до естетските ознаки на поетската опсесија и сензибилитетот. Од ова, се чини, резултира и поетовиот потход кон чисти, симетрични стихувани куплети чии поенти, најчесто како игра на парадоксот или логичен завршеток, им даваат своевиден акорд на мисловно-емотивните фреквенции во поетскиот тек. Кон овие аспекти треба да се споменат присуштите графички досетки, митските асоцијативни сегменти, апстрактните и херметички стиховни склопови.

Поделена во три циклуси, оваа книга како да преферира на три моменти од поетската сватка со животот и постоењето. Во првиот тоа е сознанието за човековата градителска устременост низ времето, напорот бескрајот во себе и околу себе да се исполни со волјата за себеоткривање, низ пловидбите што ги рушат оградите, низ одмавнување на самоилузијата, низ спомените што го сврзуваат „текот на животот“, „времето и бездната на просторот“, за најпосле да биде пречекано „сонцето кое никој не може да го изгасни пред нашите очи“. Во вториот циклус, поетската инспирација и идентификацијата се движат целосно во мозаик од македонски топоними, низ кои се доловува гамата на своето поднебје како и некои линии од она што е негова судбина. Последниот циклус во книгата се обидува да го допре она што најчесто го велиме планетарно човеково присуство, кое истовремено нѐ прави и точка и оска на животот, недофатни и заробени од просторот и времето, од светот што го продолжуваме пред неговите искушенија и безизлези, пред непобедливоста на бескрајот.

Така се заокружува поетското патување во првата стихозбирка на Стефановски во која животот и човекот се оној ѕид пред бескрајот или бескрај во ѕидот, и онаму каде што мерата на расчекорот е очигледна и онаму каде што заминот е залог за продолжувањето, убавината немир за бесконечноста на траењето.

Предочувајќи ни еден автентичен поетски глас, една хомогено остварена поетска целост, во книгава, сепак, паѓаат в очи група песни како што се: „Бескрајна градба“, „Мајстори“, „Камено пристаниште“, „Цела земја“, „Прозорец“, „Крива круша“, „Преспа“, „Само два непријатела“, „Зелена планета“, што се изделуваат со доследно остварената поетска замисла и со суптилната архитектоника на стихот. Верувам дека некои од нив се наредуваат меѓу оние што треба да ги красат страниците на некоја скорешна, вистински селективна и критериумски стамена антологија на помладото македонско поетско творештво.

1

Залутан брод во познати води

Бескрајна градба

Ѕидањето понекогаш е чудно
ставаме камен на камен до небо
ама прозорци сме заборавиле

Неуморно ѕидаме понатаму
покривот пак бескрајно е далеку
од сонцето не може да се види

А што ако има и други сонца

Се раѓаме со алатите крај нас
и не се буниме за тежината
другите што ја носат со векови

Многу нешта несвесно испуштаме
врз бескрајнава градба што ми личи
на тегобна прошетка низ времето

Децата ќе продолжат понатаму

Прозорец

Горе над нашата валчеста куќа
во која така долго си спиеме
пред зори излегуваат децата

Ги отфрлаат старите облеки
и толку успешно: едно по едно
го прескокнуваат младото сонце

Од прозорецот не ги гледа никој

Другите поделени на катови
сигурни се дека во соништата
птиците највисоко им летаат

Децата си скокаат понатаму
И така наеднаш израснуваат
без никој да ги види од куќата

Оти стаклото е вода што спие

Сонлива вистина

Сиво утро во подземни ходници
ѕидарска крв ни сади во жилите
коренот да крепи и највисок врв

Но никој во занесот не ни кажа
за морски ветар и планинска кула
преку рабовите на огништето

Тука желбата заспива во школка

После, песната сама ќе се роди
под крилјата од сите наши птици
со близни ноти за бескрајно ехо

вљубените во сонлива вистина
да ги разбуди пред речната бура
во пределите од нашето јаве

Желбата во галоп да сопре на цвет

Стари фрески

Понесени од гласот на Климента
полесно ни одеше ѕидањето
на сите манастири низ времето

Старите фрески кружно наредени
само за нас чуваат свето писмо
што ни донесе и добри години

Камбаната треба да се разбере

Кога доаѓаат нови времиња
треба љубоморно да го чуваме
коренот на кој ние израснавме

Сите стари спомени крај пепелта
го сврзуваат текот на животот
време то и бездната на просторот

А фреските кријат и нешто друго



Крива Круша*

Одовде подеднакво се далеку
сите огништа, планини и ѕвезди
со ист немир копнежот што го делат

По грижливо сочувани корита
тивко надоаѓа притаен спокој
од сите димензии на просторот

Центарот е цвет под крушина сенка

Никаде нема межник, стожер, нишан
па непознати воини лутале
со знамиња на некрстено сонце

А Крива Круша ќе остане немо
под јазик да ја чува тајната
за центарот на камена трпеза

Знамето со чиста вода се кити

**Велешкото село Крива Круша е географски центар на Р. Македонија*

Преспа

Кружно ќе ја замислиме водата
и езерото нека ги украде
сите облаци што се токмат за дожд

на малите бранови пред бурата
ќе им го пуштиме нашиот чамец
па слободно нека плови по ветрот

До Голем Град ќе стигнеме на полноќ

Овде сонцето има мој почеток
и секоја риба сонува море
па тивко гради скриен пат под вода

Од сивите камења на островот
тајно писмо им шепоти на ѕвездите
и в сон ги мами старите рибари

До мечот на Самоил – многу војни

Атанас Вангелов:

СО ШТО ДОАЃА МИЛОВАН СТЕФАНОВСКИ

Она што најпрвин се забележува во книгата на овој поет е специјалниот графизам на песните. Тоа прашање заслужува посебно внимание, но ние ќе се задоволиме со тоа што ќе речеме дека кај него се ползуваат определени искуства на таканаречената визуелна поезија (интонацијата, темпото и паузата) која има поклоници во Југославија, а кај нас, речиси – не. Треба да се рече дека тие стремежи немаат радикален карактер за да може и неговата поезија да се определи како визуелна, ами се настојува тие искуства да се подредат на значенскиот аспект на неговата поетска реченица, на истиот начин како што „фоничкиот материјал" се подредува на значенскиот. Следствено, основна грижа на поезијата од Милован Стефановски е да се оствари јасна и недвосмислена комуникација. На тој начин, поетот му ја нуди својата песна на читателот како неопходен покренувач на неговиот асоцијативен механизам, и на тој план авторот постигнува резултат за почит. Кај него нема ни трага од фигуралната орнаментика, од барокната распојасаност која почесто и во тоа се исцрпува, од позерскиот интелектуализам кој, сакале или не, се потпира врз одамна заборавените „новитети" на надреалистичката поетика кај нас, толку некритички напластени веќе во вторите книги на некои млади, инаку талентирани поети. Тој е скржав и одмерен во негова-

та поетска реченица, и како што се редуцира нејзиниот орнаментален квантитет, така прогресивно се зголемува еквивалентот на нејзината асоцијативна моќ.

Песните на Милован Стефановски ги карактеризира и еден друг момент кој ќе се обидеме да го изложиме натаму. Упадливо е во книгата на овој поет што сите песни се кратки и, обично, дводелни иако графички не се нагласува посебно тоа. Сепак, велиме дводелни затоа што по две терцини од секоја песна се довршуваат во еден стих (значенски е тој изделен, претставува засебна структурна целина). Тој е носител на поентата, но, истовремено, исходиште на терцините кои следуваат и кои се довршуваат на истиот начин, но со таа разлика што, сега, завршокот на терцините е и завршок на песната.

Не кај сите песни ами кај повеќето (тоа ни дава определено право да речеме дека поетот инсистира на една таква техника) засегнатата тема од завршокот на првите две терцини, по едно кратко одлагање кое се воспоставува со помош на терцините кои следуваат, се затврдува во поентата на песната, а тоа го прави поетот со последователност која импонира. Чувствуваме должност да го поткрепиме ова становиште со неколку примери.

Во првата песна од книгата („Бескрајна градба") по двете терцини следува стих кој има прашална интонација. Стихот гласи: *А што ако има и други сонца*. Одговорот се дава по следните две терцини (фактички: одговорот се одлага и, на тој начин, текстуално се релативизира) и тој гласи: *Децата ќе продолжат понатаму*.

Во песната „Прозорец" темата се поентира вака: *Од прозорецот не ги гледа никој*, за на крајот вака да се коментира таа поента: *Оти стаклото е вода што сиие*. Во песната Стари фрески имаме речиси, контрапункт: *Камбаната треба да се разбере... А фреските кријат и нешто друго*.

Докази за ваков карактер нуди книгата на Милован Стефановски во целина, но и врз основа на овие неколку илустрации слободни сме да речеме дека неговата прва книга покажува автор кој најпрвин знае што сака да постигне со своите песни, од една страна, и, од друга, не само што знае ами и може да го постигне тоа. Се разбира, последната формулација е мошне општа и затоа ние натаму ќе се потрудиме да го појасниме тоа што сака да го постигне поетот, односно како да го постигне тоа.

Ако речеме дека во повеќето од песните Милован Стефановски посега по темата на Македонецот со оглед на историската свест што ја имаме за него, ќе речеме и ништо ново и ништо особено зашто е тоа тема на еден значителен дел од нашата современа поезија. Ако додадеме уште дека таа историска свест (која често се заснова на ламентно-апологетски однос, како што луцидно е речено во еден есеј на Богомил Ѓузел за таканаречената татковинска поезија) е цел на исходиште на неговите песни – исто така, нема да речеме ништо ново. Туку она што е ново и занимливо, тоа што е својствено само за неговите песни и кое постигна веднаш да бидат разликувани од оние кои се потпираат на истата проблематика, потврдувајќи го, на тој начин, и своето право да бидат напишани и соопштени, тоа е следново: во песните на овој поет го нема тонот на оплакување и ламентации

ПРЕПЕВИ

BATIR SANS FIN

Bâtir est parfois étrange
nous posons pierre sur pierre jusqu'au ciel
mais oublions les fenêtres

Nous persévérons à bâtir sans répit
maisle toit reste infiniment loin
le soleil nous empêche de le voir

Et s'il y avait d'autres soleils

Nous naissons avec les outils près de nous
et ne nous révoltons pas à cause du poids
que portent les autres depuis des siècles

Inconsciemment nous laissonstomber des choses
sur cette construction sans fin qui ressemble
àune promenadepénible à travers le temps

Les enfants continueront

(препев на француски Марија Бежановска)

MAÇONS

On nous a depuis toujours détruit la maison
que nous reconstruisions de nouveau
ne sommes-nous pas un peuple étrange

Et depuis toujours la même malédiction
les fondations près d'une rivière surtrois côtés
et le portail ouvert vers la mer

Un jour nous arriverons jusqu'au toit

Nous avons pourtant tout le matériel
lettre marquée des tamponsde l'histoire
et des enfants portant trois soleils dans leurs yeux

Si le beau temps nous accompagne
maçons nous sommes depuis toujours
nous bâtirons même dans trois siècles

Mais nous avons besoin d'un toit avant les pluies

(препев на француски Марија Бежановска)

STONE HARBOR

The mountains as strange ships
are always ready to sail away
from their stone harbour

We all here secretly follow them
ready to leave at any moment
expecting a sign from the stars too

Our desires flow towards the Sea

Only the rivers sometimes carry
coloured linen on their waves
from the highlanders' restless dream

And when all remains the same
we shatter the look to pieces
unwillingly clenching our teeth

Still in sailings we believe!

(препев на англиски Драгана Велковска)

USTALAR

Zamanında evimizi yıktıklarında
biz tekrar onu in a ediyormu uz
çok tuhaf bir millet de il miyiz o vakit

Ve her daim lanet gibi aynısı
temelleri nehrin kıyısında üç taraftan
ve kapı denize açık

Bazen çatıya kadar yeti ece iz

Halbuki bütün malzememiz var
tarihten gelen mühürdeki yazı
ve gözlerinde güne olan çocuklar

Sadece iyi havalar olsun
öteden beri iyi ustayız
üç asır sonra da örece iz

Ancak ya murlardan önce çatıya ihtiyacımız
vardır

(препев на турски Ерол Туфан)

ЦИТАТИ

Гане Тодоровски:

Поетската 1978 е година на конечно поетско престројување и силовит пробив на нови имиња. Во македонската поетска сегашнина се случува нешто многу допадливо: како творечки рамноправници пред јавноста, еден покрај друг, се претставуваат доајенот на нашата современа поетска реч Блаже Конески и првопрооденикот Милован Стефановски, кому годинава му припадна наградата „Браќа Миладиновци“. („Студентски збор“, август 1978)

Тодор Чаловски:

Случајот сакаше (...) таа пролет 1978 година јас да бидам селектор за одбир на два ракописа на тогаш мошне популарната едиција „Алфа“ на Книжевната младина на Македонија, и меѓу повеќето ракописи на анонимниот конкурс да се определам за збирката Полилема на Смиле Наумовски и за збирката Sид пред бескрајот на Милован Стефановски. Од првиот прочит ракописот на Стефановски се изделуваше со зрелоста на поетскиот пристап, со суптилноста на исказот и необичната сугестивност на опсесивните артикулации во неговите стихови. Тоа набргу по излегувањето на книгата, за мнозина неочекувано, му ја донесе престижната награда „Браќа Миладиновци“, по што авторот се вброи меѓу нејзините угледни избраници. (Од предговорот кон изборот „Високо вода“ на М. Стефановски, 2008)

Атанас Вангелов:

Милован Стефановски е поет на таканареченото четврти бран кој годинава ја доби струшката награда. Тој факт толку го разбранува нашето литературно море, и во тоа море четвртиот бран, од ред, така се нафрли на Милована и на жирито што се осмели да го стори тоа, се чинеше едно време дека ќе дојде до потоп. Сега Милован е оставен малку понастрана, а тие пак што ја доделиле наградата, се поднаместуваат во самиот центар. Едни велат дека тоа било подло, други велат дека книгата на Милован ќе била добро примена доколку не била наградена, трети наоѓаат некакви сметки, четврти, петти и шести се крајно збркани од можноста не име, а книга да стекне награда. („Студентски збор", 1979)

Зоран Д. Чукиќ:

Поезијата на Милован Стефановски во своите кочечни облици ги содржи речиси сите условености и особености на современата македонска книжевност. Неговиот поетски ракопис се прифаќа како летопис на сензибилитетот на еден цел народ обземен од сопствениот препород и напредок. Тој и таков ракопис, за чудо, нема ништо заедничко со дотраените претстави или предрасуди за таканаречената родољубива поезија кај нас. Напротив. Во најдобрите мигови на неговата поезија, во миговите на изворната инспирација поткрепена со соодветна изразна моќ на јазикот, Стефановски се искажува така како да присуствува на создавањет на светот, на настанувањето на животните облици и на именувањето на светот. („Књижевна реч", Белград, 1978)

Милан Ѓурчинов:

Сите триесет песни од оваа збирка имаат наполно идентична градба, сите се состојат од еднаков број стихови, еднакво распоредени, дури и секој стих има и еднаков број слогови. Мислам дека тоа е неопходно само тогаш кога една ваква графичка конструкција е во функција на поетската суштина што треба да се изрази во песната. Инаку, ваквите графички експерименти се познати во историјата на поезијата од Аполинер па сè до модерните прмери на т.н. конкретна поезија. (ТВ Скопје, август 1978)

Веле Смилевски:

Основната димензија на Sид пред бескрајот е во вербата во човечката моќ да ја наоѓа смислата на своето човекување настојувајќи да се остварува низ бескрајниот простор на своите визии. („Н. Македонија", септември 1978)



МИЛОВАН СТЕФАНОВСКИ

(био-библиографска белешка)

Милован Стефановски (1952) е поет, раскажувач, преведувач. Дипломирал југословенска книжевност со македонски јазик на Филолошкиот факултет во Скопје во 1975 година. Живее во Скопје.

Во периодот од 1987 до 1991 година, најпрвин во Романија (Крајова), а потоа во Турција (Истанбул), бил лектор по македонски јазик на тамошните универзитети.

Автор е на осумнаесет објавени книги.

Поезија: *Sug пред бескрајот* (1978); *Вардач крај Вардар* (1984); *Привремен распоред* (1991); *Пред нишаноп на зборот*, избор (1997); *Летот на митската птица* (2000); *Горно Соње* (2006); *Високо вода*, избор (2008), објавен и на англиски јазик (*High water*, 2011); *Венчавање со бескрајот*, тријазичен избор – англиски, италијански, германски (2010); *Адам од Говрлево*, поема (2011).

Проза: *И паѓањето е лет*, роман (1994); *Потонски скали*, раскази (2000); *Изгубен жегол*, роман (2003), објавен и на бугарски и на албански јазик; *Со голо око*, новинарски есеи (2003); *Стража*, роман (2010); *Скали за качување*, раскази (2011); *Ѓаволско море*, раскази (2012); *Рапави стихови*, роман (2016); *Депа*, роман (2018).

Препеви: *Без дом, без гроб*, избор поезија од Рајко Ѓуриќ (1986); *Странствувањата на Чајлд Харолд* (прво пеење) од Џ.

Г. Бајрон (2013); *Песна за Нибелунзите*, германски средновековен еп (2015).

Во еден мандат (1998 – 2000) бил претседател на Друштвото на писателите на Македонија. Член е на Сојузот на книжевните преведувачи на Македонија.

Добитник е на највисокото книжевно признание за поезија, наградата „Браќа Миладиновци" на Струшките вечери на поезијата во 1978 година за стихозбирката *Sug пред бескрајот*. Во 2003 година за романот *Изгубен жегол* ја добива наградата „Роман на годината" што ја доделуваше редакцијата на „Утрински весник". За поемата *Адам од Говрлево* во 2010 година ја добива наградата „Григор Прличев".

СОДРЖИНА

ПРЕДГОВОРИ 2018 ..... **7**

Петко Дабески: **9**

НЕКОИ СОГЛЕДБИ ЗА ПОЕТСКАТА КНИГА „SUД ПРЕД БЕСКРАЈОТ"

Наташа Аврамовска: **25**

ПОЕТСКИ КАЛЕИДОСКОП

Бранко Цветкоски: **41**

КНИЖЕВНОТО ПИСМО: ОДАВДЕ И ОТАДЕ БЕСКРАЈОТ

ПРЕДГОВОР 1978 ..... **57**

Тодор Чаловски: **59**

КАКО ПРЕБАРУВАЊЕ, КАКО ИСПРАВЕНОСТ ПРЕД БЕСКРАЈОТ

Залутан брод во познати води **63**

Бескрајна градба 65

Прозорец 67

Сонлива вистина 69

Стари фрески 71

Мајстори 73

Камено пристаниште 75

Јужен ветар 77

Смртта на реката 79

Други капки ... 81
Залутан брод ... 83

Мозаик од планини и реки ... 85
Македонија ... 87
Крива Круша* ... 89
Преспа ... 91
Мојата котлина ... 93
Езеро ... 95
Галичица ... 97
Радика ... 99
Поречe ... 101
Кула ... 103
Лопушник ... 105

Солзата ја суши вселенски пожар ... 107
Потон ... 109
Венчавање со бескрајот ... 111
Пат низ вселената ... 113
Мало тркало ... 115
Молња на очајот ... 117
Само два непријатела ... 119
Зелена планета ... 121
Последна станица ... 123
Цела земја ... 125

Тишина ... 127

РЕЦЕНЗИИ 1978 ... 129
Атанас Вангелов: ... 131
СО ШТО ДОАЃА МИЛОВАН СТЕФАНОВСКИ
Владимир Чупески: ... 137
СВЕСНО ПАТУВАЊЕ ВО БЕСКРАЈОТ

ПРЕПЕВИ ... 147
BATIR SANS FIN ... 149
MAÇONS ... 150
STONE HARBOR ... 151
THE DEATH OF THE RIVER ... 152
CONSTRUCȚIE NETERMINATĂ ... 153
FEREASTRA ... 154
NDËRTIMI NË PAKUFISHMËRI ... 155
MJESHTRIT ... 156
UNDENDLICHER AUFBAU ... 157
ДРЕВНИ ФРЕСКИ ... 158
МАЈСТОРИ ... 159
SONSUZ YAPI ... 160
U S T A L A R ... 162

ЦИТАТИ ... 163
Гане Тодоровски: ... 165
Тодор Чаловски: ... 165

Атанас Вангелов: 166

Зоран Д. Чукиќ: 166

Милан Ѓурчинов: 167

Веле Смилевски: 167

ИСКАЗИ ОД 2018 169

Катица Ќулавкова: 171
МЕЃУ SИДОВИТЕ И БЕСКРАЈОТ

Ристо Лазаров: 175
БЕСКРАЈОТ БЕЗ РОК НА ТРАЕЊЕ

Васил Тоциновски: 181
ГОВОРОТ НА КАМБАНИТЕ

Звонко Танески: 186
СО ЗАДАЧА НА ПОСВЕТЕН ДЕМИУРГ

Марта Маркоска: 189
ЗАSИДАНИ ПРЕД БЕСКРАЈОТ

Ивица Челиковиќ: 195
ЗНАЧЕЊА НА ДОФАТ ВО НОВА СВЕТЛИНА

Васил Дрвошанов: 199
ГОЛЕМО МЕТАФОРИЧНО ПЛАТНО

Панде Манојлов: 203
SИДАЊЕТО КАКО ПИШУВАЊЕ ПЕСНА

Христо Петревски: 205
ТЕМЕЛНИК, СВЕТИЛНИК, ОРЕОЛ

АВТОРСКИ ПОГОВОР 207

Милован Стефановски: 209
СОПСТВЕНИОТ ГЛАС КАКО ДАЛЕЧНО ЕХО

МИЛОВАН СТЕФАНОВСКИ 221